**Далибор ЈОВАНОВСКИ**

# ДЕЛЕЈЌИ ГО „СВОЕТО“: ПРЕГОВОРИТЕ ЗА ПОДЕЛБА НА МАКЕДОНИЈА МЕЃУ БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ

Втората половина на XIX век и почетокот на 20 век на Балканот се карактеристични со силниот развој на национализмите во новите балкански држави и на нивните национални програми и идеологии. Исто така, ова е период кога започнале и се одвивале преговорите за склучување сојузи меѓу балканските држави против Османлиското Царство, но и период кога се одвивале преговори за поделба на Македонија на сфери на интерес. Преговорите за поделба на Македонија на сфери на интерес не биле случајни. И покрај фактот дека Македонија речиси и да ја немало во почетната фаза од развојот на грчкиот и на српскиот национализам, таа постепено станува територија врз која започнале да покажуваат аспирации, втемелени врз историското право и вградени во националните програми, трите балкански држави, прво Грција и Србија, а потоа и Бугарија. Но, да одиме по ред, да видиме кога и како настанале националните програми и идеологии во кои е вклучена Македонија и како оваа област влегува во образовниот систем на новите балкански држави.

Првата голема национална *идеја* што се има појавено на Балканот е грчката. Намерно го користиме зборот идеја, а не програма и ќе објасниме зошто. Појавата на грчката Голема идеја се совпаѓа со внатрешните политички состојби во државата. Големото незадоволство на Грците од т.н. владеење на Баварците довело до бунт на војската, поддржан од сите политички групации во земјата. На 3 септември 1843 година војската извршила државен удар, принудувајќи го кралот Отон да се согласи на создавање и избор на собрание и донесување устав. Овој највисок државно-правен акт бил подготвуван од страна на една комисија во која учествувал и Јоанис Колетис, лидер на т.н.

француска партија во Грција. Токму овој грчки политичар ќе остане запаметен во историјата како основоположник на грчката Голема идеја и национална идеологија, иако мора да забележи дека тоа било случајно. Имено, во текот на изработката на првиот грчки устав, во Атинското собрание се водела жестока дебата околу прашањето дали оние што биле родени надвор од границите на новата грчка држава треба да добијат грчко државјанство. Интересно е да се забележи дека дискусијата на Колетис не била случајна. Самиот тој не бил роден на територијата на тогашната грчка држава, туку по потекло бил од Епир, кој бил дел од Османлиското Царство (Jovanovski, Minov 2017: 227). Постојат две верзии на говорот на Колетис. Верзиите се различни, но има и сличности во нив. Првата сличност е дека Колетис ја сметал Грција за центар на Европа, која ги спојувала Истокот и Западот (Kolettis 2007: 247–248; Heinze 1845: 160). Втората сличност е дека во двете варијанти се споменува Големата идеја. Тоа значело дека таа идеја била идеја за територијално проширување, односно ослободување на неослободените Грци. Овој негов говор не бил ни случаен ниту, пак, Колетис криел кои се неговите ставови за грчкото територијално проширување. Така, во еднаш пред францускиот министер за надворешни работи Гизо изјавил дека, кога гледа преку границата, ја гледа својата неослободена земја, каде што е гробот на неговиот татко, а во една друга пригода изјавил дека главен град на Грција е Цариград или Константинопол (Jovanovski, Minov 2017: 227). Според таа логика, Македонија била во неговите размислувања за идните граници на Грција.

Кога говориме за поимот Голема идеја, односно Мегали идеја, интересно е размислувањето на грчката историчарка Ели Скопетеа. Според неа, во спорното излагање на Колетис Големата идеја не се употребува како термин, освен во оној обем што бил приемлив за аудиториумот (Skopetea 2005: 195). За неа, излагањето на Колетис ја почитувало целата контрадикторност на националното прашање, но најважно било тоа што сè повеќе се гледало од грчки оптички агол на идното територијално проширување. Многу брзо оваа негова кованица – Големата идеја, го опфатила целото грчко општество и јавното мислење. Скопетеа забележала дека веќе по Кримската војна, освен интелектуалците, другите го заборавиле авторството на Колетис. Кога се во прашање интелектуалците, тие веднаш по говорот на Колетис започнале да пишуваат книги и памфлети во кои ги одредувале териториите што ги сметале за грчки. Па, така Суцос, Икономос, Латрис, Маврокордатос, Сариполос и други пишувале за териториите што требало да се ослободат, а една од тие области била и Македонија (Јовановски 2020: 55–56).

Во однос на османлиска Македонија, повеќе од јасно е дека таа била опфатена со Големата идеја. Сè до Големата источна криза, во Атина сметале дека цела Македонија треба да ѝ припадне на идната голема грчка држава. Но, и тоа ќе биде променето во текот на оваа криза, кога во Грција сфатиле дека опфаќањето на цела Македонија во рамките на Грција не било можно. Бугарскиот историчар Веселин Трајков, пишувајќи за грчката национална доктрина, забележал дека во текот на Големата источна криза во Грција постоела една група на дејци што биле расположени да прифатат поделба на Македонија и Тракија, под услов половина од првоспоменатата да биде грчка (Трайков 2000: 25). Тоа е точно. Тогаш во Атина веќе се размислувало за исцртување на северната линија на грчките територијални амбиции во Македонија. Грчкиот политичар Харилаос Трикупис им наложил на грчките дипломати, но и на основоположникот на грчката историографија, Константинос Папаригопулос, да изработат студии во кои би се исцртала најсеверната линија на грчките територијални претензии во Македонија. Трикупис добил такви студии, но најважната улога во овој процес ја имал Папаригопулос. Тој бил креатор на линијата што започнувала од Охридското Езеро, па преку Крушево, Струмица, Мелник завршувала во Неврокоп (Јовановски 2020: 61–66). Така, Грција ги дефинира своите аспирации во османлиска Македонија и во преговорите што следувале со Србија и со Бугарија цврсто се држела до нив. За волја на вистината, треба да се напомене дека Грците биле подготвени на ситни отстапки во однос на оваа линија. Самиот Папаригопулос во 1884 година, иако бил нејзин креатор, забележал дека Грција можела да ги жртвува Охрид, Прилеп, Крушево, дел од Мариово и Неврокоп, со цел да го обезбеди другиот дел. Мора да забележиме дека, за разлика од српската, па и од бугарската национална идеологија и програма, кај Грците веќе постоел јасен став што треба да се бара во Македонија. Неслучајно во овој период доаѓа и до креирање на т.н. историска Македонија, чии северни граници биле споменатата линија и таа била поврзувана со античкото македонско кралство, кое, пак, до средината на педесеттите години на XIX век било сметано за окупаторска и непријателска сила на Грција.

Втората национална идеологија и, за разлика од Големата идеја на Колетис, програма, се јавува во Србија. Таа, за разлика од Грција, не била независна држава, туку автономно кнежество во кое сè уште имало османлиски гарнизони. Слично како и говорот на Колетис, и *Начертанието* на Илија Гарашанин се појавува во особени услови, кои следувале по промената на власта. 1842-та година во Србија на кнежевскиот престол дошол Александар Караѓорѓевиќ, син на водачот на Првото српско востание, Караѓорѓе Петровиќ. Во негова

близина имало истакнати полски емигранти, меѓу кои бил и принцот Адам Чарториски, инаку поранешен руски министер за надворешни работи, а во тие моменти голем противник на царска Русија. Чарториски во јануари 1843 година преку Леноар, псевдоним на Лудвиг Звејрковски, му доставил на Гарашанин студија со наслов „Совет за идното дејствување на Србија“ (Hehn 1963: 81). Оваа студија била прифатена од страна на Гарашанин. Таа ќе стане основа на неговото *Начертание*. Тука треба да ја додадеме и улогата на Фрањо Зах, соработник на Чарториски, кој му давал инструкции на српскиот политичар (Центарович 2017: 282). Како резултат на ова во 1844 година Гарашанин го напишал *Начертанието*, во кое ги разработил основите на идната српска надворешна политика и територијалните аспирации. Во него како основа ја зема српската средновековна држава, односно територииите што ги имала таа. Самото *Начертание* било поделено на неколку дела: забелешки за поделба на царството, средства за постигнување на српските цели, за политиката на Србија во однос на Босна, на Херцеговина, на Црна Гора и на северна Албанија, Срем, Бачка и Банат и за сојузот со чешките Словени (Страњаковић 1931: 17–29). За разлика од грчката Голема идеја, Гарашанин направил една конкретна програма со јасни цели. Сепак, каде е Македонија во оваа негова програма?

Во дискусиите за *Начертанието* на Гарашанин се вмешува и политичкиот момент. Починатиот српски историчар Душан Батаковиќ, пишувајќи за влијанието на Чарториски и Зах врз создавањето на *Начертанието*, посебно околу прашањето за обнова на Душановото Царство, забележал дека постоеле анализи што покажувале дека Гарашанин ја немал таа намера. Според Батаковиќ, Гарашанин никогаш не изразил претензии кон јужна Албанија, поголемиот дел од Бугарија и грчка Македонија. Поимот *грчка Македонија* во тоа време не постоел, а Батаковиќ го употребува за да ја нагласи српската приврзаност кон грчките пријатели. Подоцна токму и Гарашанин, а особено политичарите по него, имале претензии кон тоа што Батаковиќ го нарекува грчка Македонија. За разлика од него, Павловиќ е многу повнимателен кога е во прашање *Начертанието* и размислувањата на Гарашанин за српското територијално проширување. Според него, Гарашанин очигледно не ги предвидувал вистинските територијални димензии на Душановот Царство ниту, пак, мислел да ги опфати грчките земји и население (Павловић 2004: 58). Всушност, Македонија не е спомената во *Начертанието* на Гарашанин. Рускиот историчар Никифоров забележал дека многумина српски историчари сметале дека под Стара Србија се подразбирала северна Албанија, додека за Косово и Македонија не станувало збор (Никифоров

2015: 81). И тука го користи Зундхаузен. Овој германски историчар ни дава интересно објаснување каде е Македонија во *Начертанието*. Според него, Косово и Македонија не се споменати во *Начертанието* и тоа било изненадувачки, но самото споменување на Душановото Царство, тоа го направило излишно (Зундхаузен 2008: 129). Всушност, во право е Митрова кога забележала дека останало недоречено како би требала да изгледа идната политичка карта на Балканот и границите на обновеното српско царство (Митрова 2012: 16). За разлика од говорот на Колетис, кој бил јавен и без разлика на неговите две верзии, *Начертанието* на Гарашанин останало таен документ, за кој малкумина во Србија знаеле. Сѐ до 1906 година, *Начертанието* не ѝ било познато на јавноста, што не значи дека српските политичари, кои биле запознаени со неговата содржина, не работеле на неговото спроведување (Павловић 2004: 58–59).

Кога се во прашање српските аспирации во османлиска Македонија, сметаме дека треба, накратко, да го споменеме и терминот Стара Србија, кој започнал да се користи во Србија веднаш по создавањето на државата во 1830 година. Славено Терзиќ во една своја статија на оваа тема забележал дека терминот Стара Србија се појавил во првите децении на XIX век и ги означувал централните области на средновековната српска држава што не влегле во составот на новото српско кнежество (Терзић 1996–1997: 91). Сепак, развојот на српскиот национализам и големодржавна идеја придонел терминот Стара Србија да се прошири на југ. Така, по 1878 г., кога Србија добила независност и граница со османлиска Македонија, терминот се проширил и на југ од Шар Планина, понекогаш одејќи сѐ до Бистрица, иако главно се однесувал на територијата до Охридското Езеро, најверојатно од практични причини, односно поради Грција со која – во Белград се сметало – полесно би се постигнал договор за поделба на Македонија на сфери на интерес.

Српските аспирации кон османлиска Македонија добро ги опишува видниот српски географ и дипломат Владимир Кариќ. Тој во својата книга *Српска земља*, објавена во Белград во 1882 година, пишувал и за „српска Македонија“. Според него, на југ „српска Македонија“ ја сочинувале две области: Солунската и Битолската (Војводић 2003: 30). За нас, поради темата од интерес, е да напоменеме дека во Битолската Област, според Кариќ влегувале окрузите: „Битолски, Кичевски, Решњански, Преспански, Охридски и Флорински: на запад границата одела по Црн Дрим и планините на западниот брег на Преспанското и на Охридското Езеро.“ Описот на Кариќ, кој на некој начин ги оцртувал првичните српски барања во османлиска Македонија, бил во спротивност со новата линија на грчките територијални аспирации во споменатиот регион.

Последната национална идеологија и програма во однос на османлиска Македонија била бугарската, која се покажала најцврста и најмалку подготвена за компромис, сметајќи ја Македонија за историска бугарска територија. Најчесто, кога се говори за бугарската национална идеологија, но и програма, се говори за Санстефанска Бугарија и за санстефански идеал. Тука сме должни да дадеме едно објаснување. Поимот *Санстефанска Бугарија* се однесува за територијата на проектиранаta автономна бугарска држава според Прелиминарниот санстефански мировен договор меѓу Русија и Османлиската Држава потпишан на 3 март 1878 година, со кој завршила војната меѓу споменатите држави. Според договорот, новата бугарска држава требала да ја опфаќа и Македонија без Солун и Халкидик. Картата на оваа проектирана држава, во суштина, се совпаѓала со картата на Бугарската егзархија од 1870 година. Мора да забележиме дека оваа креација била руска идеја, поточно на дел од дипломатијата на чело со гроф Игнатиев. Значи, не станува збор за автохтона бугарска национална програма. Тоа што и денес е двигател на многу постапки на Софија е сосема друго прашање. Така, картата на една проектирана, но никогаш заживеана држава станала официјална идеологија на нова Бугарија. Кога е во прашање вистинската програма за дејствување на Бугарија во Македонија и во односите со другите балкански држави, треба да се спомене извештајот на бугарскиот министер за надворешни работи Константин Стоилов до кнезот Александар Батенберг од јануари 1883 година. Тука Стоилов забележал дека проблемот на истокот ќе се реши во Македонија и тоа со сила на оружјето и „сè зависи од тоа кој прв ќе стигне на самото место и со кој ќе биде населението“ (Миноски 2000: 286; Велкова 2014: 212). Стоилов сметал дека, кога е во прашање македонското население, Бугарија треба постојано да нагласува дека кнежеството е единствениот и природен заштитник на Македонија или „со еден збор, секој Македонец треба да биде вдахновен со мислата дека во Софија се грижат за неговата судбина, за неговата сегашност и за неговата иднина“. Затоа тој, меѓу другото, предлагал формирање училишта во најголем обем. За Стоилов главен конкурент во Македонија била Грција, која била сосед на Македонија и во првата криза ќе ги покажела своите претензии. За Стоилов било мошне важно кај населението во Македонија да се разбуди и да се развие бугарската национална самосвест.

Трите национални идеологии започнале да бидат промовирани во јавноста и, особено, а тоа е важно, во образовниот процес. Кога се во прашање ривалствата меѓу балканските народи и, особено, начинот на разбирањето на минатото и на тоа „што е мое“, интересен е примерот што го дава бугарскиот историчар Наум Кајчев во една своја книга за Македонија. На

почетокот на XX век дошло до приближување меѓу Србија и Бугарија. Тоа било проследено со посети не само на политичари туку и на лекари, уметници, интелектуалци, студенти, универзитетски професори и др. При една таква посета на група бугарски учители на српската престолнина во пролетта 1901 г., овие биле изненадени од предавањата на српските учители, најверојатно по историја и српски јазик, во кои како српски области била споменувана Македонија, но и Видинската и Софиската Област во Бугарија (Кайчев 2006: 11). Трите држави започнале да објавуваат и етнографски карти и статистики за да покажат дека Македонија или дел од регионот етнолошки бил нивен. Македонија била прикажана како неодвојлив дел од грчкото, српското и од бугарското наследство, односно како нивна територија. Тоа ќе го забележиме и во преговорите меѓу трите балкански држави за поделба на Македонија. Иако таа била прикажувана како нивна, тие преговарале за нејзина поделба. Зарем се преговара за поделба на нешто што е твое? Но, да одиме по ред.

Првите преговори во кои е начната темата за поделба на Македонија на сфери на интерес се српско-грчките разговори за склучување сојузен договор. Овие разговори, кои започнале во османлиската престолнина, не биле случајни. Веќе видовме дека двете општества полека, но сигурно биле обземени од сонот за зголемена територија, кој се дефинирал како ослободување на поробените сонародници. Србија во тој период имала интерес за разговори со Грција. На кнежевскиот престол бил кнезот Михајло, чија политика се базирала на остварување на еден поширок балкански сојуз против Османлиите, со цел прво да се протераат малите османлиски гарнизони од автономна Србија, а потоа да се оствари целта – независност и територијално проширување. Од друга страна, по катастрофата на грчката политика за време на Кримската војна, која доведува не само до неуспешни акции во Македонија, Тесалија и Епир туку и до англо-француска окупација на Пиреја и промена на владата во Атина, тамошните политичари сфатиле дека остварување на Големата идеја, во тие моменти, не била можна без соработка со некоја балканска држава, во овој случај Србија, која за разлика од Грција не била независна држава. Меѓутоа, уште на почетокот станало јасно дека преговорите нема да бидат лесни. Читајќи го Гарашанин, се забележува дека, кога е во прашање Македонија, постоеле одредени, па и големи разлики. За разлика од Србија, која искажала подготвеност за поделба на Македонија на сфери на интерес, според грчкиот предлог, северната граница на Грција требала да оди по планината Балкан и по Шар Планина, односно цела Македонија да влезе во составот на Грција (Миноски 2000: 57). Од друга страна, пак, Гарашанин сметал дека не требало да се допушти грцизирање на Битола, Воден, Дојран

и други места. Српскиот политичар отворено му изјавил на Рениерис, грчкиот преговарач, дека Србија не може да се согласи Македонија како словенска земја да стане целосно грчка (Јовановски 2005: 71). Затоа не чуди зошто Србија одбила да ја склучи Конвенцијата за сојуз со Грција. Бил оставен простор за понатамошни разговори.

Внатрешните состојби во секоја земја влијаат на надворешната политика. Државниот удар во Грција и детронирањето на кралот Отон во 1862 г. ги направиле невозможни понатамошните разговори за склучување сојуз меѓу двете земји. Доаѓањето на кралот Георгиос, дански принц, на грчкиот престол довел до нов правец во надворешната политика на земјата, која се насочила кон стабилизирање на односите со Османлиската Држава. Затоа не чуди незаинтересираноста на Грција за понатамошни преговори. Србија, пак, по настаните во Белград од 1862 г. и судирот со османлискиот гарнизон, имала интерес од контакти со Грција. Тоа и ќе се случи во 1867 г. Иако Грција се обидувала да има добри односи со својот северен сосед, сепак, востанието на критските Грци довел до сериозно заострување на грчко-османлиските односи. Тоа бил нов момент што влијаел да се обноват преговорите за сојуз меѓу Атина и Белград, но и за поделба на балканските територии. И тука повторно доаѓа до проблеми. Србија не сакала да отстапи од поделба на Македонија, додека Грција сметала дека овој регион требал да ѝ припадне на Грција. Атина дури тврдела дека во 1861 година Србија се согласила на таа можност, што воопшто не е точно (Јовановски 2005: 71). Но, настаните на теренот се менувале во српска полза. Критското востание ги носеле Грција и Османлиската Држава кон воен судир, а Цариград се согласил да ги повлече гарнизоните од српска територија. Сето тоа влијаело и на забрзување на преговорите за сојуз меѓу Атина и Белград, кои резултирале со склучување сојуз во Фесло во август 1867 (Миноски 2000: 66–69). Една година подоцна била склучена и воена конвенција меѓу двете држави. Кога е во прашање Македонија, таа воопшто не се споменува во овој договор, според кој Србија требала да ја добие Босна и Херцеговина, додека Грција требала да ги анектира Епир и Тесалија. Се поставува прашањето: зошто Грција отстапила од добивањето на Македонија, на која инсистирала порано? Одговорот е едноставен. Потребата од сојуз со Србија ја натерало атинската влада на оваа сериозна отстапка, а тоа не значи дека таа се откажала од споменатата област. Инаку, договорот никогаш не бил спроведен. Грција во 1868 година побарала српска воена помош во можната војна со Османлиската Држава, но Белград тоа го одбил. За време на Големата источна криза, кога Србија побарала примена на договорот, одговорот од Атина бил дека тој веќе не е на

сила поради српскиот однос во 1868 година. Како и да е, овие преговори биле почеток на еден процес на преговори за поделба на Македонија, прво на сфери на интерес, меѓу балканските држави, кој кулминирал пред почетокот на Првата балканска војна. Процес на делење на тоа што го сметале за свое.

Преговорите за поделба на Македонија на сфери на интерес меѓу балкански држави продолжиле по завршувањето на Големата источна криза. Тие ќе се одвиваат во еден подруг амбиент и со нов играч – автономна Бугарија. Исто така, треба да се напомене дека Србија веќе била независна држава проширена до границите на османлиска Македонија, со која граничела и Грција, по добивањето на Тесалија во 1881 г. Во првата половина на осумдесеттите години на XIX век доаѓа до првиот обид за усогласување на интересите во османлиска Македонија меѓу Атина и Софија. Од бугарската престолнина пристигнало барање до грчката влада за посета на кнезот Батенберг на Атина и негова средба со грчкиот крал. Грчката влада, според одговорот, била убедена дека средбата на двајцата суверени ќе резултира со разбирање што е потребно да постои меѓу двете земји (Ναλτσα 1963: 86). Ваквите топли зборови биле повеќе од добра основа за евентуалните разговори што би следувале во Атина. Пред да отпатува за османлиската престолнина, кнезот Батенберг се сретнал со грчкиот конзул во Софија Рангавис. Кнезот на грчкиот дипломат му рекол дека во Атина ќе го отвори прашањето за воена соработка меѓу Грција, Бугарија, Србија и Црна Гора (Σφετας 2008: 47). Според Рангавис, кнезот Батенберг не го оспорил правото на Грција на Солун, но прашал што мислат Грците за Кавала. Интересно е да се забележи дека во 1896 г., додека бил на дипломатска служба во Букурешт, Рангавис се сретнал со тамошниот бугарски претставник Мингов. Во разговорот Рангавис се осврнал и на неговите средби со Батенберг, на кои било разговарано за поделба на Македонија. Според грчкиот дипломат, „тие се договориле јужна Македонија да се отстапи исцело на грчкото влијание, населена претежно со Грци. А во северна, каде што мнозинското население е бугарско, се признавало исклучиво правото на Бугарија да спроведува пропаганда. Преостанало да се определи демаркациона линија меѓу двете сфери на влијание“ (Миноски 2000: 313).

Врз основа на изнесеното, може да заклучиме дека бугарскиот кнез, при посетата на Атина, со своите домаќини разговарал за повеќе теми, но главниот дел од разговорите бил посветен на Македонија. Во фокусот на разговорите било решавањето на црковниот спор, кој се однесувал и на Македонија, односно одредувањето на некоја линија на разграничување на сферите на интерес, што – поради очигледните разлики – не се случило. Во секој случај, главниот спор меѓу двете страни не се водел само околу припадноста на

православното население, туку околу територијата, особено онаа во приморскиот дел на Македонија со Солун како центар.

Во 1885 година, поради настаните поврзани со обединувањето на Источна Румелија со Бугарија, Белград и Атина започнале да преговараат за сојуз и можна поделба на Македонија на сфери на интерес. Иако во Грција се сметало дека со Србија би можел да биде постигнат договор околу Македонија, имајќи ја предвид послабата позиција на српската страна, првичните согледувања од истражувањата покажуваат дека тоа било многу тешко. Двете страни имале аспирации кон ист регион. Во Атина на почетокот се сметало дека српските аспирации не се однесувале кон оние делови од Македонија кон кои Грција имала аспирации, но многу брзо се покажало дека интересите на Србите навлегувале многу појужно од грчките очекувања. Од друга страна, во Белград биле свесни дека српските интереси не би биле остварени доколку немале некаков договор со Грција. Двете страни биле пријателски настроени една кон друга, но интересите им биле различни и конкурентски. Во Србија, кога биле во прашање односите со Грција и поделбата на Македонија на сфери на интерес, постоело размислување за барање на поддршка од Атина. Во 1885 година претседателот на српската влада Милутин Гарашанин, на српскиот крал Милан му поднел еден план врз база на кој требала да биде организирана српската пропагандна работа во европскиот дел на османлиската држава, поточно во т.н. Стара Србија и Македонија (Самарџић 2004: 109). Кога се во прашање Грците, Гарашанин сметал дека Србија, поради грчкото влијание во Цариград, има потреба од грчка помош. Според него, добрите односи на Србија и Грција би можеле да го зголемат влијанието на Србите во османлиската престолнина. Според него, спогодба меѓу Србија и Грција била можна, но претходно било неопходно да се постигне договор околу поделбата на сферите на интерес во Македонија. Речиси истовремено и грчкиот министер за надворешни работи Контоставлос му дал инструкции на грчкиот пратеник во Белград да ги почне разговорите за исцртување на линија на зоната на интереси во Македонија. Грчкиот пратеник постапил според инструкциите на владата. Многу брзо ја известил за првите впечатоци, при што нагласил дека постои ентузијазам кај сите за договор против Османлиската Држава, но што се однесува да границата на сферите на интерес, работите нема да се одвиваат многу брзо.

Контактите биле воспоставени во Белград кон крајот на октомври, кога Стојан Новаковиќ го посетил грчкиот амбасадор во српската престолнина. Новаковиќ нагласил дека говори во име на Пироќанац, инаку еден од лидерите на опозицијата, со цел да се постигне разбирање со Грција околу Македонија.

Новаковиќ во разговорот му нагласил на грчкиот дипломат дека српското јавно мислење било наклонето кон сојуз со Грците и него го сметало за неопходен (Lascaris 1932: 96). Назос, грчкиот претставник во Белград, му предочил на Новаковиќ дека тој не можел да се обврзе на конечен договор, но можеле да разговараат за Македонија (Kofos 1989: 96). Тоа било добра шанса грчкиот пратеник да дознае за моменталните српски погледи за Македонија. Според извештајот на Назос, неговиот српски соговорник прифатил попомирливо однесување кога била во прашање демаркациската линија и Новаковиќ изгледал наклонет да го прифати како база за понатамошна дискусија предлогот на грчката страна за линијата Охрид – Крушево –Струмица – Мелник – Неврокоп, при што главната преокупација на Новаковиќ била како да добие обврзување од Грците за српски трговски излез во Солун. Новаковиќ, според грчкиот дипломат, нагласил дека за Србите оваа линија би била прифатлива доколку Грците ветат дека Солунското пристаниште ќе биде слободно и за Србија (Lascaris 1932: 97). Назос забележал дека ова би било прифатливо за Грција, но Србите своите погледи за територијален излез на море морале да ги насочат кон Јадранот. Меѓутоа, најверојатно овие констатации на грчките дипломати биле претерани. Имено, самиот Новаковиќ подоцна ќе напише дека „многу малку се помислуваше на заедничка акција во Македонија, зашто тука ни тогаш немаше согласност меѓу српските и грчките аспирации, иако живо започнала да се чувствува потреба за согласност. Непријателот не беше еден, на Грција сериозно не можеше да се смета ниту, пак, таа покажуваше волја и подготвеност веднаш да влезе во акција“ (Новаковић 1905: 396–397). Тој, исто така, во еден свој извештај од 1890 г. ќе се наврати на разговорот со Назос, каде што истакнува дека неговата главна цел била да ги дознае грчките аспирации во Македонија, а одговорот бил линијата што веќе била прифатена во Атина. Назос, според неговите искажувања, му рекол дека тоа било стратегиската граница и немало можност од отстапки во тој поглед (Џамбазовски 1988: 151–152). Овие искажувања на еден од учесниците во разговорот се сосема спротивни од грчките тврдења. Тоа значи дека не само што не била постигната согласност за Македонија туку двете страни биле свесни и дека не постоеле услови за заедничко дејствување. Почетокот на Српско-бугарската војна едноставно било причина за прекин на разговорите, но станало јасно кои биле грчките аспирации и дека тука тешко ќе има отстапки.

Во текот на деведесеттите години на XIX век биле одржани три рунди разговори меѓу српските и грчките претставници за поделба на Македонија. Иницијативата главно доаѓала од Белград, кој имал интерес за спогодување

со Атина поради поддршка кај Цариградската патријаршија. Тука ќе дадеме едно мислење на српскиот дипломат и политичар Стојан Новаковиќ, кој патем бил и директен учесник во разговорите со Грците, односно со неговиот колега, грчкиот амбасадор во Цариград Маврокордатос. Врз основа на сопственото искуство, Новаковиќ сметал дека сериозен проблем во правец на можна спогодба со Грците било нивното барање средната и јужната зона од османлиска Македонија да биде во нивната интересна зона (Војводић 2005: 26). На сличен став бил и Маврокордатос. Интересно е што Маврокордатос во едно писмо до својата влада се искажал во полза на заедничко дејствување со Србите во Македонија, но тоа можело да биде избрзано, доколку претходно не била постиганата спогодба за границите на сферите на интерес (Јовановски 2020: 261). Тој едноставно укажувал дека мора да бидат ограничени српските аспирации во Македонија, барем во оние делови што Атина ги сметала за грчки, бидејќи постоела опасност за грчките интереси од проширувањето на српската пропаганда, која можела да ја користи блискоста на српскиот јазик со оној на македонското словенско население, кое и во оние делови што Атина ги сметала за чисто грчки, биле најмногубројната христијанска група. Ако ја имаме предвид грчката линија на интереси во османлиска Македонија и променливоста на терминот Стара Србија, јасно ни станува каков резултат можел да се очекува од преговорите меѓу двете страни, и покрај постоењето на желба за спогодба, пред сè поради сè поголемата бугарска опасност за нивните интереси. Дури и давањето берати на Бугарската егзархија во 1890 и 1894 година во неколку македонски градови не придонеле Атина и Белград да постигнат спогодба за поделба на Македонија. Каде лежел проблемот? Одговорот е логичен и едноставен – во погледите и толкувањата за припадноста на македонското население, но и во стратегиската важност на одредени градови во османлиска Македонија за двете страни. Така, при преговорите на Новаковиќ со Маврокордатос во Цариград во 1890 година се појавил сериозен проблем не само со српското толкување за припадноста на македонското население туку и со барањето на Белград градовите Битола, Лерин и Струмица да влезат во српската сфера на интерес. За Грците тоа било неприфатливо. За Маврокордатос градот Битола значел опстанок за Грција и во тој поглед немало да има никакви отстапки од грчка страна (Џамбазовски 1988: 410). Тој тоа го повторил и за градовите Охрид и Струмица, а за Крушево оставил можност да се разговара. Всушност, јасно било дека двајцата дипломати не можеле да се спогодат, па затоа се договориле тоа да го направат двете влади. Промените во Грција ги оневозможиле понатамошните преговори, но и тоа кога станало возможно, повторно се случувало истото.

Сепак, во Белград не се откажувале од преговори за поделба на Македонија на сфери на интерес. Србија кон крајот на 1891 г. го испратила Владан Ѓорѓевиќ во Атина како свој дипломатски претставник. По неколку месеци тој ги започнал преговорите со грчкиот министер за надворешни работи Драгумис. И на првата средба, на 23 август 1892, ја читаме старата приказна. Драгумис претставил една карта на Балканот, која според српските видувања, била најшовинистичка (Ђорђевић 1923: 210). Грчкиот министер не кажал ништо ново, освен што ја повторил старата линија на грчките аспирации во Македонија. Драгумис изнел неколку барања, според кои Битола, Струмица, Мелник и Неврокоп морале да останат во грчката зона, но истото се однесувало и на Прилеп и Крушево. Драгумис изразил подготвеност за отстапки кај Струга и Дебар. Ѓорѓевиќ реагирал на грчките предлози, со констатација за неможноста од постигнување договор, доколку Грците инсистираат на таа линија. Меѓутоа, Драгумис му дал едно многу интересно објаснување на својот српски собеседник, според кое, во Битола немало многу Грци, Срби или, пак, Бугари, но затоа имало многу Власи, кои, нели, имале грчка свест, иако говорат влашки. И не само тоа. Драгумис го прашал српскиот пратеник дали Белград би го повлекол својот конзул од градот, бидејќи многу ги налутил Грците, нудејќи помош кај Патријаршијата како компензација. Струмица, пак, според исказите на грчкиот министер, била „булеварот на Серез“ и, доколку Србите претендираат на овој град, тогаш имале аспирации и кон Серез. Може да се забележи, без анализа, колкави биле разликите меѓу двете држави во однос на одредувањето на линијата на сферите на интерес во Македонија. Следувал неколкумесечен прекин. При крајот на 1892 година продолжиле преговорите меѓу Драгумис и Ѓорѓевиќ. Сега српскиот пратеник му приложил една карта на шефот на грчката дипломатија, која се однесувала на можната гранична линија на сферите на интерес на двете држави во Македонија. Картата, всушност, била одговор на онаа на грчкиот министер од првиот состанок. Таа воопшто нема да му се допадне на грчкиот министер. Драгумис бил изненаден од српските аспирации, барем така се однесувал. Според него, таа не била направена врз база на етнографијата, бидејќи во српската зона бил вклучен и Костур. Одговорот на Ѓорѓевиќ бил уште понепријатен за грчкиот министер. Имено, според Ѓорѓевиќ, Грците го барале и Прилеп, но српските барања не се темелат врз историјата, бидејќи тогаш би го побарале и Солун. Драгумис реплицирал со тврдење дека Србите тоа и го прават со отворањето нивни училишта во градот. Разговорот, наместо да стане процес на преговарање за одредување на линијата за разграничување на сферите на интерес, повторно се претворил во расправија меѓу двајцата

преговарачи, во која се споменувале разни економски и политички интереси на двете земји во Македонија, особено во Солун. Грчкиот министер, дури при крајот, му предложил на српскиот пратеник склучување трговски договор меѓу двете држави „како Солун да е во српски раце“.

Толку од договор за поделба на Македонија на сфери на интерес во овој период. Заминувањето на Трикупис од политичката сцена, политичките состојби во Србија, но и грчко-османлиската војна од 1897 г., како и очигледните разлики меѓу двете земји во однос на Македонија, оневозможило понатамошно преговарање, но тоа се променило по 1897 г., по грчкиот воен пораз и особено по прашањето за именување на српски владика во Скопје, односно прашањето за хиротонисување на Фирмилијан. Србија имала потреба од грчка помош кај Цариградската патријаршија. Во периодот од 23 јуни до 3 јули 1899 г. во Атина биле одржани серија разговори меѓу српскиот пратеник Милиќевиќ и грчкиот министер Романос, на кои подробно биле разгледани предлозите и понудите на двете страни, проткаени со старите недоразбирања, но, сепак, забележливо било српското попустливо однесување. Така, таквото однесување овозможило да биде парафиран еден договор за поделба на Македонија на сфери на интерес, придружено со затворање српски конзулати во османлиска Македонија во замена за грчка поддршка кај Патријаршијата. Во замена за грчка поддршка кај Патријаршијата, српската страна во спогодбата ја признала грчката сфера на интереси што ја барала Атина. Со тоа Битола и Струмица биле признати како неоспорно грчки (Јовановски, Тодороска 2013: 63–65). Интересно е да забележиме дека, сепак, откако српскиот крал увидел каков договор бил постигнат, му наредил на Милиќевиќ да не го потпише. Отстапките, поради потребата од грчка поддршка за именување на српски епископи во Македонија, биле преголеми, а непотпишувањето ни е показател за самите српски аспирации.

Во нашиов прилог ќе се осврнеме и на бугарското однесување кога е во прашање поделбата на Македонија на сфери на интерес. Тоа било различно во однос на Грција и Србија. За Софија, главно, не било прифатливо да се разговара за поделба на Македонија. Бугарија инсистирала на автономија на регионот. Тоа, пак, не било прифатливо за Атина и Белград, кои сметале дека инсистирањето на Софија за автономија на Македонија води кон источнорумелиското сценарио од 1885 година, кога тој регион се обединил со Бугарија. Кон крајот на 1896 година во Атина пристигнал првиот бугарски дипломатски претставник Димитров. Накратко ќе се осврнеме на неговата мисија во Атина. Повеќе е од јасно дека тој бил заинтересиран да ги види грчките размислувања за Македонија. Уште на првата среда со грчкиот министер за надворешни

работи Скузес, Димитров го изнел барањето на Софија за заедничко дејствување со цел Македонија да добие автономија, нешто што не им одговарало на грчките интереси (Миноски 2000: 320). Имено, Грците сметале дека македонската автономија води кон припојување кон Бугарија. Грција имала јасен став дека за Македонија единствена опција биле преговорите за поделба на сфери на интерес и тука немало отстапка. Заострувањето на грчко-османлиските односи во првите месеци на 1897 година поради Критското востание довело до мала отстапка на грчката страна. Скузес на една средба со Димитров изјавил дека Грција прифаќа Бугарија да излезе на Егејското Море. Војната од април 1897 година меѓу Грција и Османлиската Држава го одложила понатамошното преговарање или разговарање за Македонија, но грчкиот пораз довел до нова ситуација. Бугарија во ноември 1897 година побарала од Грција да ги одреди териториите кон кои има аспирации. Димитров во Атина дури изјавил, а тоа било збунувачки за Грците, дека и Македонија излегува на Егејското Море. Всушност, овие разговори биле осудени на неуспех. Грција барала поделба на Македонија, со тоа што Солун и Кавала би морале да бидат грчки. Од друга страна, тоа не ѝ одговарало на Бугарија, која подоцна ја прифаќа поделбата на Македонија, откако ќе увиде дека овој регион не може целосно да биде вклучен во рамките на бугарската држава, но и таа имала свои апетити кон Егејот.

Бугарското инсистирање на автономија на Македонија, а не нејзина поделба на сфери на интерес најдобро може да го забележиме во односот со Србија и двата договора што овие словенски држави ги имале потпишано во 1897 и во 1904 година. Па, така, во Спогодбата од 1897 година воопшто не се споменува Македонија, туку само обврската на двете страни да си помагаат на теренот, сè додека не се постигне договор за утврдување на српските и на бугарските сфери на интерес, двете страни заемно да си помагаат. Бугарија била многу поконкретна во однос на српските барања за поделба на Македонија на сфери на интерес во разговорите за потпишување на договор меѓу двете држави во 1904 година. Софија сметала дека не може да се преговара за поделба на Македонија, туку само за автономија на регионот (Митрова 2012: 91–94). Србија, по промените во 1903 година и доаѓањето на Петар Караѓорѓевиќ на престолот, имала потреба од поблиски односи со Бугарија. Затоа воопшто не чуди што во Договорот за сојуз меѓу двете држави од 30 март 1904 година воопшто не е предвидена поделба на Македонија на сфери на интерес. Сепак, настаните на Балканот ќе доведат до промена на ставот на Бугарија по прашањето за преговорите за поделба на Македонија на сфери на интерес.

Настаните на Балканот биле во центар на вниманието на Големите сили, но и на европската јавност. Особено Младотурската револуција, анексијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија, како и независноста на Бугарија во 1908 година предизвикале големи поместувања во регионот. Иако првично се мислело дека согласноста на Големите сили за анексијата ќе донесе некаков мир во регионот, тоа не се случило. Неспособноста на новите власти во Цариград постојано ја влошувала ситуацијата во регионот. Исто така, Русија, која се почувствувала понижена и измамена од страна на Виена за анексијата на Босна и Херцеговина, настојувала да дојде до сојуз меѓу балканските држави, но не против Османлиската Држава, туку против Австро-Унгарија. Тоа биле руските желби, но балканските држави имале свои интереси. Кризата во Османлиската Држава и албанските бунтови придонеле за интересни промени во бугарската политика и односот кон Македонија. За разлика од договорот во 1904 г., кој бил основа за новите српско-бугарски преговори за сојуз и решавање на македонското прашање, се забележува промена во бугарското однесување. Софија изразила подготвеност за поделба на Македонија, доколку не биде можно областа да добие автономија. Бугарскиот амбасадор во Рим, Димитар Ризов, во разговорите со Никола Пашиќ и Милован Миловановиќ изјавил: „Поради настанатите заплети, српско-бугарската спогодба е итна работа и Бугарија поради тоа е подготвена да се откаже од автономијата на Македонија. Со тоа, таа ѝ го признава правото на Србија на дел од Македонија, т.е. територијата јужно од Шар Планина со Скопје“ (Митрова 2012: 192). Бугарската влада била подготвена северните делови на османлиска Македонија да ѝ ги отстапи на Србија. На некој начин тоа било логично, имајќи ги предвид аспирациите на Бугарија за излез на Егејското Море. Без Скопје можело да се живее, но без Солун и Дедеагач тоа било потешко за бугарската иднина, имајќи предвид дека, сепак, Црното Море било затворено море. Софија и Белград релативно брзо се спогодиле за воен сојуз и поделба на Македонија. На 29 февруари 1912 бил потпишан Српско-бугарскиот договор за сојуз, кој вклучувал и Таен анекс, во кој била предвидена поделбата на Македонија по линијата што започнувала во Крива Паланка, а завршувала кај манастирот Г’бовци, Охридско (Миноски 2000: 151–155). Тоа бил прв сојуз меѓу Софија и Белград каде што може да забележиме договор за поделба на Македонија. Сепак, едно бил потписот на хартија, а друго иднината. Двете големодржавни идеологии, колку и да имале, во тој момент, заеднички интерес, сепак, биле во судир на една територија што ја сметале за своја или, пак, дел од неа.

Грчкиот премиер Венизелос будно ги следел настаните на Балканот. Тој, иако, како што самиот знаел да нагласи, не сакал војна со Османлиската Држава, не ги оставал работите на случајноста. Преку британскиот новинар Џејмс Баучер, кој бил дописник на лондонски Тајмс, прво од Атина, а потоа и од Софија, стапил во контакт со бугарската влада. Предлозите на Венизелос до Бугарите биле ограничени на создавање на еден сојуз чија цел била заедничка акција со Бугарија за заштита на христијаните во Турција и склучување можен одбранбен сојуз против можен турски напад на една од двете земји (Chester 1921: 146). Грчкиот политичар во своите говори открива и една друга причина зошто им понудил на Бугарите создавање сојуз меѓу двете држави. Тој сметал дека неговата земја не била Велика Британија за да може да живее во т.н. прекрасна изолација (Venizelos 1916: 251). Грција имала потреба од сојузници за остварување на своите аспирации. На 27 април 1912 грчката влада ѝ презентирала нацрт-договор на бугарската влада (Dakin 1972: 193). Како одговор на овој потег на атинската влада, Гешов побарал од грчката страна да не се спротивставува на можното бугарско барање за административна автономија на Македонија и на Одринскиот Вилает, која би била проследена со гаранција за еднакви права на разните националности што живееле таму (Gueshoff 1913: 39). Грчкиот политичар, а тоа не било изненадување, не сакал ниту да слушне за каква било македонска автономија. Грците, како и Србите, во евентуалната македонска автономија гледале само еден добар бугарски трик. Важен дел од преговорите со Бугарите било и можното одредување на линијата на разграничување. Кога е тоа во прашање, треба да истакнеме дека Венизелос во време на преговорите со Бугарија околу склучување на договорот за сојуз одбивал да се согласи на исцртување линија што би ги означувала териториите кои би ѝ припаднале на Грција или на Бугарија. Според Венизелос, доколку Грција барала да се исцрта една линија за поделба на територијата, тогаш, најверојатно, до договор за сојуз немало ни да дојде (Gardikas-Katsiadakis 1995: 98). Оваа забелешка на Венизелос била точна. Бугарскиот политичар Стојан Данев, во еден разговор со Венизелос од декември 1912 година, на својот грчки соговорник му нагласил дека, доколку преговарале пред војната, Бугарите никогаш немале да се согласат на отстапување на Солун (Абрашев 1995: 162). Сепак, на 16 мај 1912 година бил потпишан Договор за одбранбен сојуз меѓу Грција и Бугарија, без да биде споменато какво било територијално разграничување.

Венизелос пред почетокот на Првата балканска војна успеал да склучи сојузнички договор со Бугарите. Меѓутоа, недостасувала една алка во синџирот. Тоа бил грчко-српски договор за сојузништво. Пред почетокот на Балканските

војни Венизелос имал изјавено дека договорот со Србија го одбегнувал поради стравот од Австро-Унгарија (Prevalakis 1966: 374). Како искусен политичар, тој знаел што може да ја очекува неговата земја во случај на поголеми обврски кон Србија. Бугарија во тој случај би била многу помал проблем во однос на Дунавската Монархија. Тоа, пак, не значело дека вратите за Србите биле целосно затворени. Летото 1912 година биле водени одредени разговори со владата во Белград. Сепак, дури по почетокот на воените дејства во октомври 1912 година, грчката влада испратила еден нацрт-договор до белградската влада. Во него, според Декин, се предвидувала само заедничка поддршка на двете земји за осигурување на грчката и на српската националност (Dakin 1972: 194). Развојот на состојбите на теренот ги променило работите. Бугарија, едноставно, била пресилна за Грција, а нејзината непопустливост во очите на Венизелос ја правеле Србија единствен безалтернативен сојузник (Prevalakis 1966: 374). Затоа морало да се оди на договор со Србија. Контактите започнале уште во време на одржување на Лондонската амбасадорска конференција. Членот на грчката делегација на Лондонската конференција, Николаос Политис, забележал дека Венизелос се однесувал со Србите како да имаат склучено сојуз (Βεντηρης 1931: 153). Тогаш станало очигледно приближувањето меѓу двете страни. Првите преговори во насока на склучување на сојузнички договор меѓу Атина и Белград ги започнале принцот Николаос и српскиот престолонаследник Александар Караѓорѓевиќ (Prevalakis 1966: 374). Венизелос тогаш бил во Лондон. На враќање го посетил и Белград, каде што се сретнал со Пашиќ, со кого разговарал за прашања од заедничките интереси.

Преговорите со Србија довеле до прелиминарен протокол, кој бил потпишан на 22 април/5 мај 1913, но проблем за конечен договор претставувало српското барање сојузот да се однесува и на можен австриски напад врз неа. Ова српско барање за Грците претставувал голем проблем, но на сцена стапил Венизелос. На еден итен состанок на владата, на која учествувал и кралот Константинос, критскиот политичар ја одиграл главната улога во убедувањето на другите да го прифатат сојузот со Србите. Тој, укажувајќи на опасноста по грчките интереси за Солун во можната војна со Бугарија, забележал дека е невозможно во тој момент да дојде до војна на Австро-Унгарија со Србија, бидејќи тоа би водело до европска војна. Според него, Русија немала да ја остави Србија сама, а зад Русија биле Франција и Англија. Така и Грција би била во сојуз со нив (Βεντηρης 1931: 155–156). Тоа било решавачко да се убедат другите членови на владата и кралот. Кралот Константинос, кој го наследил својот убиен татко, одобрил да се потпише договорот со Србите и со делот што се однесувал на Австрија. Венизелос повторно успеал во својата намера.

Опасноста од губење на Солун била пресудна, а вештиот премиер тоа добро го искористил. На 17 мај Венизелос испратил телеграма до својот српски колега Никола Пашиќ во која побарал во Солун да биде испратен српскиот пратеник во Атина, Бошковиќ. Два дена подоцна бил потпишан грчко-српскиот договор за сојуз. Разграничувањето во Македонија меѓу Грција и Србија веќе било лесно и договорено. Договорот бил олеснет поради присуството на грчките и на српските војски во веќе поделената Македонија. Треба да забележиме дека, со исклучок на Битола и Струмица, целиот дел од Македонија кој бил проектиран во грчките барања за територијално проширување ќе се најде во составот на грчката држава, и тоа како резултат на војни, а не и на преговори и по мирен пат.

Македонија, може слободно да се заклучи, била цел на преговори за нејзина поделба меѓу балканските држави. Вметнувањето на овој регион во балканските национални идеологии и доктрини и неговото претставување како нераскинлив дел од грчкото, српското и бугарското минато, придонел Македонија да стане проблем во нивните меѓусебни односи. Иако регионот бил гледан како свој во историска, етнолошка и културна смисла, трите држави, особено Грција и Србија, не се двоумеле да преговараат за поделба на Македонија. Логично е да се запрашаме зошто би делеле нешто што сметате дека е ваше? Најлесниот одговор е дека Македонија не била нивна и затоа било лесно да се преговара за нејзина поделба. Сепак, имајќи ја предвид геостратегиската позиција на регионот и потребата на трите балкански држави да го вклопат во рамките на проектираните територијални проширувања, одговорот е повеќе од јасен. Историјата, припадноста на населението, картите биле само едно објаснување во преговорите. Македонското население било само објект, кој не бил ниту прашан, бидејќи немало ни потреба за тоа. Доволни им биле фабрикуваните статистики и карти.

## BIBLIOGRAPHY


Абрашев, П. 1995. *Дневник*. София: Академично издателство Марин Дринов.

Центарович. А. 2017. *Тајна дипломатија Адама Јежија Чарториског на Балкану. Отел Ламбер и српска криза 1840–1844.* Београд: Славистичко друштво Србије.

Chester, S.B. 1921. *Life of Venizelos.* London: Constable & co.

Dakin, D. 1972. *The unification of Greece 1770–1923.* New York: St. Martin's Press.

Ђорђевић, В. 1923. *Србија и Грчка 1891–1893*. Београд: Српска краљевска академија.

Gardikas-Katsiadakis, H. 1995. Greece *and the Balkan Imbroglio: Greek foreign policy, 1911–1913*, Athens: Syllogos Pros Diadosin Ōphelimōn Vivliōn.

Gueshoff, I. E. 1913. *The Balkan league*. London: John Murray.

Hehn, P. 1963. Prince Adam Czartoryski and the South Slavs. *The Polish Review, n. 8/2*, 76–86.

Heinze, A. C. 1845. *Der Hellenische Nationalcongress zu Aten in den jahren 1843 und 1844.* Leipzig: Gustav Mayer.

Јовановски, Д. 2005. *Грчката балканска политика и Македонија 1830–1881 година*. Скопје: Бато и Дивајн.

Јовановски, Д., Тодороска, К. 2013. *Македонија меѓу Атина и Белград 1892–1899.* Скопје: Менора.

Jovanovski, D., Minov, N. (2017). "Ioannis Kolettis. The Vlach from the ruling elite of Greece". Balcanica Posnaniensia XXIV, 221-239.

Јовановски, Д. 2020. *Харилаос Трикупис и Македонија. Грчката балканска политика и османлиска Македонија 1882–1895*. Скопје: Бато и Дивајн.

Кайчев, Н. 2006. Македонийо възжелаена, Армията, училищтето и градежът на нацията в Сърбия и България 1878–1912. София: Парадигма.

Kofos, E, 1980. Dilemmas and orientations of Greek policy in Macedonia 1878–1896, *Balkan Studies*, 21, Institute for Balkan studies, 46–55

Kolettis, I. 2007 [1844]. Of this Great idea. In: B. Trencsenyi, and M. Kopeček (eds.), *Discourses of collective identity in Central and Southeast Europe (1770–1945), vol. 2: National romanticism. The formation of National movements.* Budapest: 2007.

Кожухарова, С. В. 2014. *Българи и Гърци. Черти од взаимните им представи*. София: Институт забалканистика с център за тракология.

Lascaris, M. 1932. Greece and Serbia during the War of 1885. *Slavonic and East European Review,* Vol. 11, No. 31, 88–99.

Минов, Н. (2013). Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860-1903). Скопје: Арс Либрис.

Миноски, М. 2000. *Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861–1913*. Скопје: ДАРМ, Филозофски факултет.

Митрова, М. 2012. *Кралството Србија и османлиска Македонија 1903–1913. Политика на интервенција*. Скопје: Менора.

Никифоров, К. 2015. *Начертание Илие Гарашанина и внешнаяя политика Сербии в 1842–1853 гг.* Москва: Индрик.

Новаковић, С. 1905. *Балканска питања и мање историјско-политичке белешке о Балканском полуострву*. Београд: Државна Штампарија Краљевине Србије.

Павловић, С. 2004. *Србија историја иза имена.* Београд: Клио.

Prevelakis, E. 1966. Eleutherios Venizelos and the Balkan wars. *Balkan Studies,* v. 7/2, IMXA, Thessaloniki, 364–378.

Самарџић, М. 2004. Делатност Милутина Гарашанина на организовању српске пропаганде у Старој Србији и Македонији 1885 године-корени и план, *Историјски часопис,* књ. LI, 109–127.

Σφετας, Σ. 2008. *Ελληνο-βουλγαρικες αναταραξεις 1880–1908*, Επικεντρο, Θεσσαλονικη

Skopetea E. 2005. *Uzor kraljevina i Velika ideja.* Beograd: Filip Viìnjić.

Страњаковић, Д. 1931, *Југословенски националнни и државни програм кнежевине Србије из 1844 године*. Сремски Карловац.

Терзић, С. 1995–1995. Стара Србија. Настанак имена и знања о њој до 1912, *Историјски часопис, књ. XLII-XLII*, Београд, 91–109.

Трайков, В. 2000. *Националните доктрини на балканските страни*. София: Знание.

Venizelos, El. K. 1916. *Greece in her true light. Her position in worldwide war.* New York.

Βεντηρης, Γ. 1931. *Η Ελλας του 1910-1920*, τ. Α, Πυρσας, Αθηναις.

Војводић, М. 2003. *Стојан Новаковић и Владимир Карић.* Београд: Клио.

Војводић, М. 2005. Преговори Србије и Грчке о Македонији 1890–1893. *Вардарски зборник*, 4, Београд.

Зундхаузен, Х. 200. *Историја Србије од 19 до 21 века.* Београд: Клио.

Џамбазовски, К. 1988. *Грађа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, т. V, кн. 1.* Београд: Архив Србије.